**Кодекс за финансирање на жените претприемачи**

**Писмо за приклучување кон Кодексот**

ТТК Банка АД Скопје со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жените претприемачи (во понатамошниот текст: „Кодексот“), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, ТТК Банка АД Скопје се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и за унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, ТТК Банка АД Скопје се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- ТТК Банка АД Скопје го назначува Бранко Спасовски, координатор на мрежата на филијали, за лидер на банката во Националната коалиција кој ќе ги предводи и ќе ги претставува активностите на нашата институција во рамките на Кодексот.
- ТТК Банка АД Скопје се обврзува да објавува податоци за родовата застапеност во своите раководни структури во својот годишен извештај.
- Банката ќе ја уреди родовата еднаквост во своето работење преку Етичкиот кодекс и преку Политиката за одржливост, интегрирајќи ги начелата на недискриминација, на родовата рамноправност, на еднаквите можности за вработување и на транспарентните практики во управувањето со човечки ресурси.

**Заложби за податоци:**

- ТТК Банка АД Скопје ќе ја усвои и ќе ја применува во своето работење и известување национално договорената дефиниција за ММСП во сопственост или водени од жени.
- ТТК Банка АД Скопје ќе собира, ќе следи и ќе известува родово поделени податоци за кредитирањето на ММСП во согласност со индикаторите на WE Finance Code.

**Заложби за активности:**

- ТТК Банка Скопје ќе ја промовира свеста за зелените финансиски опции на Банката, приспособени за домаќинства водени од жени, со цел зголемување на бројот на одобрени кредити.

Во прилог на ова писмо се доставува список со сите обврски, со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жените претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачи во Северна Македонија.

Скопје, 28.2.2026 година

**Со почит,**

**ТТК Банка АД Скопје**

| Претседател на Управен одбор<br>Генерален извршен директор | Член на Управен одбор<br>Генерален директор за управување со ризици | Член на Управен одбор<br>Генерален директор за комерцијално банкарство |
|---|---|---|
| проф. д-р. Драгољуб Арсовски | г-ѓа Наталија Алексова | м-р Димитри Трповски |